# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 169** **22 јуни 2020, понеделник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2129. | **Уредба** со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствената заштита за време на вонредна состојба............. | 3 |
| 2130. | **Уредба** со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба.................................. | 4 |
| 2131. | **Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на личен доход за време на вонредна состојба.................................. | 6 |
| 2132. | **Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа за време на вонредна состојба.................................. | 9 |
| 2133. | **Уредба** со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за странци (*) за време на вонредна состојба.......................................... | 9 |
| 2134. | **Уредба** со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба..................... | 9 |
| 2135. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за електронските комуникации за време на вонредна состојба............................................ | 10 |
| 2136. | **Уредба** со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба.................................. | 11 |
| 2137. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за културата за време на вонредна состојба....................... | 11 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2138. | **Уредба** со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба.................................. | 11 |
| 2139. | **Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година.......................... | 12 |
| 2140. | **Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за финансирање на политичките партии во 2020 година...................... | 13 |
| 2141. | **Уредба** со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила на примена на Законот за данок на добивка на вонредна состојба | 13 |
| 2142. | **Одлука** за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - доломит на Акционерското друштво за производство на неметални минерали СИЛИКА - МИНЕРАЛ увоз-извоз Прилеп на локалитетот „Брест“ с.Суви дол, Општина Македонски Брод............ | 16 |
| 2143. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметка на платите на вработените во Акционерско друштво за аеродромски услуги АЕРОДРОМИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје за 2020 година........................................ | 16 |
| 2144. | **Одлука** за престанок на важење на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија....... | 16 |
| 2145. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19................... | 17 |
| 2146. | **Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о......... | 19 |
| 2147. | **Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.................................... | 20 |
| 2148. | **Одлука** за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за висината за надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство............................................... | 20 |
| 2149. | **Одлука** за продажба на движни ствари – моторни возила.................. | 20 |
| 2150. | **Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кочани.................................................... | 25 |
| 2151. | **Одлука** за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани.................................. | 25 |
| 2152. | **Одлука** за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за производство, трговија и услуги ДИЈАМАНТЕ 2019 ДООЕЛ увоз-извоз Виница на локалитетот “Топликот“, Општина Виница......... | 25 |
| 2153. | **Одлука** за продажба на недвижни ствари во Струга............................... | 26 |
| 2154. | **Одлука** за давање согласност на Тарифата на Централен регистар на Република Северна Македонија....... | 26 |
| 2155. | **Решение** за престанок на вршење на нотарската служба....................... | 27 |
| 2156. | **Правилник** за дополнување на Правилникот за начинот на проверка на знаењата на учениците на приемниот испит за запишување во математичко-информатичката гимназија, бодирањето на резултатите од приемниот испит, како и минимумот бодови за положен приемен испит................................................. | 27 |
| 2157. | **Решение** на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр. 126/2020 од 27 мај 2020 година........ | 27 |
| 2158. | **Решение** за издавање дозвола за вршење осигурително брокерски работи................................................ | 31 |
| | **Огласен дел**.................................... | 1-48 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2129.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствената заштита за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.76/20, 84/20, 100/20, 140/20 и 156/20), членот 2 се менува и гласи:

„Фондот за здравственото осигурување на Република Северна Македонија склучува договор со кој ќе ги договори обемот и видот на здравствените услуги кои здравствената установа од ставот 7 на овој член ќе ги врши во периодот на важењето на оваа уредба, согласно прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување.

Во јавните здравствени установи на секундарно и на терцијарно ниво кои имаат услови во однос на просторот, опремата и кадарот согласно закон, можат да се вршат здравствени услуги од областа на молекуларната дијагностика во мрежата на здравствени установи.

Престанувањето на вработувањето по сила на закон, со престанок на договорот за вработување или договорот за продолжување на вработувањето на здравствен работник односно здравствениот соработник, поради возраст, се одложува за време на траењето на вонредната состојба во случај на стекнување на право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19, 275/19 и 31/20), односно кога ќе наполни 64 години возраст, или кога со писмена изјава до работодавачот ќе побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст согласно Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19).

Министерот за здравство, за време на постоењето на заразната болест Коронавирус COVID-19, а заради ефикасно, ефективно и навремено дијагностицирање, третман, лекување, нега и рехабилитација на лицата заболени од оваа болест, по потреба, може со наредба да упатува здравствени работници, односно здравствени соработници и помошно-технички лица вработени во јавна здравствена установа во мрежата на работа во друга јавна здравствена установа во мрежата.

За време на извршувањето на работата во јавната здравствена установа во која се упатени, здравствените работници, односно здравствените соработници и помошно-техничките лица од ставот 4 на овој член, правата и обврските од работниот однос ги остваруваат во јавната здравствена установа од која се упатени, односно во која имаат засновано редовен работен однос.

Приватните здравствени установи, во рамките на вршењето на дејноста за интензивна нега и терапија, укажуваат здравствени услуги и за заразната болест Коронавирус COVID-19 за пациентите примени во установата кај кои во текот на укажувањето на здравствените услуги за дијагностицирање, лекување, третман, нега и рехабилитација во установата е утврдено присуство на причинителот Sars-Cov-2 вирус за заразната болест Коронавирус COVID-19 во нивниот организам.

Приватните здравствени установи надвор од мрежата на здравствени установи кои вршат дејност за интензивна нега и терапија ќе ја вршат оваа дејност во мрежата на здравствени установи, за укажување на здравствени услуги на пациенти заболени од заразната болест Коронавирус COVID-19, по предходно утврдена потреба од Министерството за здравство и согласност од Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација, во врска со спречување, внесување и ширење на Корона вирус COVID-19.

Приватните здравствени установи надвор од мрежата на здравствени установи кои укажуваат здравствени услуги за детекција на Коронавирус COVID-19, со PCR метода на земен материјал назофарингеален и орофарингеален брис и бронхоалвеоларен лават, во микробиолошка лабораторија, ќе ја вршат оваа услуга во мрежата на здравствени установи.“

Член 2

По членот 2-а се додава нов член 2-б, кој гласи:

„Член 2-б

Одредбите од членот 2 од оваа уредба со законска сила, ќе се применуваат за време на траење на вонредната состојба и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 31 декември 2020 година.“

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-5709/1
22 јуни 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**2130.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 86/20, 105/20 и 125/20), во член 1 во ставот (2) по бројот „2710 20 19 00“ зборовите „како и“ се заменуваат со запирка, а по зборовите „акцизата на енергентите“ се става запирка и се додаваат зборовите „како и враќањето на дел од платената акциза за обележаното гасно масло наменето за греење од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 15 00, 2710 20 17 00 и 2710 20 19 00 употребено во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, начинот и постапката за остварување на правото за враќање на дел од платената акциза за обележаното гасно масло наменето за греење во домаќинствата или употребено во процес на производство, барањето за враќање на дел од платената акциза за обележаното гасно масло наменето за греење, потребната документација и начинот на враќање на дел од платената акциза за обележаното гасно масло наменето за греење, како и продолжување на рокот за поднесување на барањата за враќање на платената акциза од страна на дипломатските и конзуларните претставништва и меѓународните организации.“.

Член 2

Во членот 2-в ставот (1) се менува и гласи:

„Пресметаната акциза од членовите 2-а, 2-б и 2-г од оваа уредба со законска сила се применуваат од првиот вторник по 1-ви или по 15-ти во месецот.“.

Член 3

Членот 2-г се менува и гласи :

„(1) Износот на акцизата за гасно масло како гориво за греење од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 15 00, 2710 20 17 00 и 2710 20 19 00 се пресметува врз основа на податокот за износот на основната акциза за гасно масло како гориво за греење изразена во денари за литар и податокот за износот на дополнителната акциза искажана во денари за литар во зависност од средната дневна берзанска цена на Gasoil 0,1% на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan за период од 1-ви до 15-ти во месецот и од 16-ти до крајот на месецот.

(2) Акцизата од ставот (1) на овој член се пресметува според следната формула:

АЕ = ОАЕ + ДАЕ

при што:

- АЕ е акциза за гасно масло како гориво за греење изразен во денари за литар;
- ОАЕ е износ на основната акциза за гасно масло како гориво за греење искажана во денари за литар и
- ДАЕ е износ на дополнителната акциза за гасно масло како гориво за греење искажана во денари за литар, чиј износ зависи од средната дневна берзанска цена на Gasoil 0,1% на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan.

(3) Износот на основната акциза за гасно масло како гориво за греење – ОАЕ изнесува 15,121 денари за литар.

(4) Износот на дополнителната акциза за гасно масло како гориво за греење – ДАЕ, се утврдува на следниот начин:

1) доколку средната дневна берзанска цена на Gasoil 0,1% на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan е помала или еднаква на 400 USD/ton, износот на ДАЕ е 3 денари за литар;

2) доколку средната дневна берзанска цена на Gasoil 0,1% на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan “ е поголема од 400 USD/ton, но помала или еднаква на 600 USD/ton, износот на ДАЕ е 2 денари за литар и

3) доколку средната дневна берзанска цена на Gasoil 0,1% на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan е поголема од 600 USD/ton, износот на ДАЕ е 0 денари за литар.“

Член 4

Во членот 2-д во ставот (3) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „и како гориво за греење.“

Член 5

По членот 2-д се додаваат три нови члена 2-ѓ, 2-е и 2-ж кои гласат:

„Член 2-ѓ

(1) Лицата кои обележаното гасно масло наменето за греење го употребиле за греење во домаќинствата, како и лицата кои го употребиле како гориво за греење во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, имаат право на враќање на дел од платената акциза во висина од 6 денари за литар.

(2) За остварување на правото на враќање на дел од платената акциза за обележаното гасно масло наменето за греење, лицата од ставот (1) на овој член треба да се евидентираат како корисници на обележано гасно масло наменето за греење во Евиденцијата на корисници на обележано гасно масло наменето за греење која ја води Царинската управа и да добијат идентификациски број.

(3) Евидентирањето од ставот (2) на овој член Царинската управа го врши врз основа на поднесено електронско барање во кое барателот ги наведува неговите податоци за идентификација (назив или име и презиме, седиште, адреса или адреса на живеење, податоци за контакт, ЕДБ или ЕМБГ ), како и податоци за локацијата на складирањето и користењето на обележаното гасно масло наменето за греење, капацитетот на резервоарите и техничките карактеристики на опремата за користење на обележаното гасно масло за греење во домаќинствата или во процесот на производството или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата.

(4) Надлежниот царински орган согласно поднесеното барање од ставот (3) на овој член врши теренска контрола и проверка на точноста на поднесените податоци за евидентирање на лицата од ставот (1) на овој член со цел издавање на идентификацискиот број од ставот (2) на овој член.

Член 2-е

(1) Враќањето на дел од платената акциза за обележаното гасно масло наменето за греење го врши надлежниот царински орган врз основа на поднесеното барање за враќање на дел од платената акциза за обележаното гасно масло наменето за греење.

(2) Враќањето на дел од платената акциза од ставот (1) на овој член се врши само за набавена или увезена количина на обележаното гасно масло наменето за греење во домаќинствата, во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата за кое акцизата е пресметана и наплатена во висина која е утврдена со оваа уредба со законска сила.

(3) Барањето од став (1) на овој член содржи податоци за идентификацискиот број на барателот, потрошената количина во даден период, намената и местото каде е потрошена наведената количина на обележаното гасно масло наменето за греење, податоци од фактури и/или увозни царински декларации за износите на платена акциза и количината на набавено обележано гасно масло наменето за греење, како и податоци за банката и сметката на која треба да се изврши враќањето на дел од платената акциза.

(4) Кон барањето од ставот (1) на овој член, во случај кога обележаното гасно масло наменето за греење се користи во домаќинствата се приложува следната документација:

- фактура или фискална сметка за набавено обележано гасно масло наменето за греење во домаќинство, во кои се содржани податоците за набавената количина изразена во литри и износот на платената акциза во висина утврдена со оваа уредба со законска сила;

- докази од кои може да се утврди датумот на испораката, продавачот и лицето кое извршило достава на обележаното масло за греење за домаќинство и

- доказ дека лицето ги има намирено долговите по основ на даночни и царински обврски.

(5) Кон барањето од ставот (1) на овој член, во случај кога обележаното гасно масло наменето за греење е употребено како гориво за греење во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, се приложува следната документација:

- решение и тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

- детален опис на дејноста за која се користи обележаното гасно масло наменето за греење во процесот на производство, местото и локацијата на производството

каде што се користи обележаното гасно масло наменето за греење, како и складишните простори и/или простории, како и опремата која се користи за греење;

- фактура за набавено обележано гасно масло наменето за греење или како додаток на друг енергент како гориво за греење или царинска декларација за увезено гасно масло наменето за греење во која се содржани податоците за набавената количина изразена во литри и износот на платената акциза во висина утврдена со оваа уредба со законска сила;

- докази од кои може да се утврди датумот на испораката, продавачот и лицето кое извршило достава на обележаното масло за греење за домаќинство;

- доказ дека лицето ги има намирено долговите по основ на даночни и царински обврски и

- докази за оправданоста за враќање на дел од платената акциза од евиденцијата на лицето кое бара враќање, за количините на обележаното гасно масло наменето за греење или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата, во периодот за кој се бара враќање на дел од платената акциза.

(6) Враќањето на дел од платената акциза за обележаното гасно масло наменето за греење во домаќинствата, во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење се врши со прифаќање и верификување на регистрираното електронското барање за враќање на платената акциза, за што подносителот на барањето добива електронска порака од Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи кој го води Царинската управа.

Член 2-ж

Барањата за враќање на платената акциза за акцизни добра кои се купуваат на акцизното подрачје од страна на дипломатските и конзуларните претставништва и меѓународните организации, освен за конзуларните претставништва кои ги водат почесни конзули, а кои акцизни добра се наменети за службени или за лични потреби на персоналот на истите, наместо барањата да ги поднесуваат најдоцна до 30 јуни оваа година можат да ги поднесат најдоцна до 30 ноември 2020 година, за набавените добра во 2019 година."

Член 6

Одредбите од оваа уредба со законска сила ќе се применуваат за време на траењето на вонредната состојба како и седум месеци од престанокот на траењето на вонредната состојба.

Член 7

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44- 6183/1 | Претседател на Владата |
| 22 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**2131.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на личен доход за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 79/20) во член 2 во ставот (1) зборовите „март, април и мај 2020 година" се заменуваат со зборовите „март, април, мај, јуни и јули 2020 година".

Член 2

Прилогот Барање за ослободување од плаќање на месечните аконтации на данокот на личен доход остварен од вршење на самостојна дејност се заменува со нов Прилог Барање за ослободување од плаќање на месечните аконтации на данокот на личен доход остварен од вршење на самостојна дејност кој е составен дел на оваа уредба со законска сила.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44- 6184/1 | Претседател на Владата |
| 22 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**ПРИЛОГ**

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
## за ослободување од плаќање на месечните аконтации на данокот на личен доход остварен од вршење на самостојна дејност

**ДЛД-ОМА**

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |

* Пополнува Управа за јавни приходи

| Датум и број на прием | |
|---|---|

### А. ИЗВРШУВАМ ДЕЈНОСТ
*(согласно Националната класификација на дејности - НКД Рев.2: Угостителска дејност, Туризам, Објекти за сместување, Транспорт, Воден транспорт и Воздухопловен транспорт)*

☐ Да

☐ Не

### Б. ШИФРА И ОПИС НА ДЕЈНОСТ ШТО ЈА ВРШИ БАРАТЕЛОТ
*(наведи ја шифрата на дејност од според НКД рев.2)*

| Шифра | | Дејност | |
|---|---|---|---|

### В. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ДАНОЧНИ ПОВОЛНОСТИ

**Изјавувам дека ги исполнувам условите за користење на даночни поволности**

☐ а) Даночниот обврзник нема да го намали бројот на вработени, сметано од денот на влегувањето во сила на Уредбата со законска сила се до три месеци по престанувањето на нејзината важност, освен во случаите на смрт, пензионирање или отказ од страна на вработените

☐ б) Вкупните приходи на даночниот обврзник да се намалени за најмалку 40% во тековниот месец во однос на месец февруари 2020 година или намалувањето на вкупните приходи за 2020 година изнесува повеќе од 40% во однос на истиот период претходната година

☐ в) Бројот на вработени кои не работат односно не придонесуваат во економската активност на даночниот обврзник-работодавач, заради спроведување на мерките да изнесува најмалку 25% во однос на вкупниот број на вработени во месец февруари 2020 година

☐ г) Даночниот обврзник да затворил најмалку 50% од продажните места преку кои го остварува прометот (подружници, продажни објекти)

### Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ДАНОЧНИ ПОВОЛНОСТИ

☐ **Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека сите податоци дадени во ова Барање се проверени и целосно вистинити**

### ПОДАТОЦИ НА ПОДНОСИТЕЛ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

* Пополнува Управа за јавни приходи

| Податоци за обработката | |
|---|---|

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

ДЛД-ОМА

Согласно Уредбата со Законска сила за примена на Законот за данокот на личен доход за време на вонредна состојба, обврзниците на данокот на личен доход кои остваруваат доход од самостојна дејност, а кои имаат претрпено штети во своето работење поради спроведување на мерките за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот COVID-19 на Владата на Република Северна Македонија, имаат право на ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на личен доход за месеците март, април, мај, јуни и јули 2020 година.
Користењето на правото се однесува на обврзниците кои остваруваат доход од самостојна дејност од член 2 став 1 и 2 од Уредбата, а кои ги вршат дејностите наведени согласно Националната класификација на дејности - **НКД Рев.2**:

- Угостителска дејност **(шифра 56) -** дејности за подготовка и служење на храна
- Туризам **(шифра 79)** - Туристички агенции организатори на патувања (туроператори) и останати резервациски услуги како и дејностите поврзани со нив
- Објекти за сместувањ**е (шифра 55)**
- Транспорт **(шифра 49)** - Копнен транспорт и цевоводен транспорт
- Воден транспорт **(шифра 50)**
- Воздухопловен транспорт **(шифра 51)**

**и кои го исполнуваат условот „да не го намалат бројот на вработени, сметано од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила се до три месеци по престанувањето на нејзината важност, освен во случаите на смрт, пензионирање или отказ од страна на вработените".**

Користењето на правото се однесува и на други обврзници кои остваруваат доход од самостојна дејност од член 2 став 2 и 3 од Уредбата, а кои имаат претрпено штети во своето работење поради спроведување на мерките за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот COVID-19 на Владата на Република Северна Македонија доколку ги исполнуваат следните услови:
**а) да не го намалат бројот на вработени, сметано од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила се до три месеци по престанувањето на нејзината важност, свен во случаите на смрт, пензионирање или отказ од страна на вработените**, и
б) да исполнат еден или повеќе од следните услови:

- вкупните приходи на даночниот обврзник се намалени за најмалку 40% во тековниот месец во однос на месец февруари 2020 година или намалувањето на вкупните приходи за 2020 година изнесува повеќе од 40% во однос на истиот период претходната година, или
- бројот на вработени кои не работат односно не придонесуваат во економската активност на даночниот обврзник-работодавач, заради спроведување на мерките, е намален најмалку 25% во однос на вкупниот број на вработени во однос на месец февруари 2020 година, или
- даночниот обврзник затворил најмалку 50% од продажните местата преку кои го остварува прометот (подружници, продажни објекти).

За остварување на правото, даночните обврзници поднесуваат Барање за ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на личен доход до Управата за јавни приходи. Поднесувањето на барањето се врши преку системот е-Персонален данок https://e-pdd.ujp.gov.mk, а комплетното барање го потврдува Управата за јавни приходи, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето.

**ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛ**

- **Единствен даночен број (ЕДБ)** - се впишува Единствениот даночен број на барателот.
- **Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт** - се впишува скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт.
- **Контакт** - се впишува е-пошта и телефон.

**А. ИЗВРШУВАМ ДЕЈНОСТ** - се означува соодветно поле согласно дејноста која ја врши барател согласно член 2 став 2 од Уредбата.

**Б. ШИФРА И ОПИС НА ДЕЈНОСТ ШТО ЈА ВРШИ БАРАТЕЛОТ** - се впишува шифрата и опис на дејноста што ја врши барателот.

**В. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ НА ДАНОЧНИ ПОВОЛНОСТИ**
Доколку вршите дејност согласно Националната класификација на дејности - **НКД Рев.2**: Угостителска дејност, Туризам, Објекти за сместување, Транспорт, Воден транспорт и Воздухопловен транспорт, задолжително означето го полето **а)** во делот **В** од образецот.
Доколку пак, вршите друга дејност а поднесувате барање за користење на даночни поволности, задолжително означете го полето **а)**, како и едно или повеќе од полињата **б)**, **в)** и **г)** за кое ги исполнувате условите.

**Г. ИЗЈАВА ЗА ДАДЕНИ ПОДАТОЦИ ВО БАРАЊЕТО** - барателот изјавува дека под целосна материјална и казнена одговорност сите податоци дадени во ова Барање се проверени и целосно вистинити.

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕТО**
Се пополнуваат податоците за подносителот на барањето.

**2132.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за локалната самоуправа за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/20 и 95/20) по членот 2-в, се додава нов член 2-г кој гласи:

„Член 2-г

Одредбите од членовите 2-а, 2-б и 2-в од оваа уредба со законска сила ќе се применуваат за време на траење на вонредната состојба и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 31 декември 2020 година."

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44- 6197/1 | Претседател на Владата |
| 22 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**2133.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИ (*) ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за странци (*) за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 71/20 и 125/20), членот 3 се менува и гласи:

„Член 3

Важноста на дозволата за привремен престој и дозволата за постојан престој чиј рок на важење е истечен, односно истекува за време на траењето на вонредната состојба, и по престанокот на траењето на вонредната состојба, се продолжува за време на траење на вонредната состојба, како и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 31 август 2020 година."

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-6200/1 | Претседател на Владата |
| 22 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**2134.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНИ И ВРАБОТЕНИ ЛИЦА СО НИЗОК ДОХОД, МЛАДИ ЛИЦА И ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ ПРЕКУ ИЗДАВАЊЕ НА ДОМАШНА ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА НАМЕНЕТА ЗА КУПУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 137/20, 147/20, 151/20, 156/20 и 157/20), членот 6 се менува и гласи:

„(1) Правните и физички лица вршители на стопанска дејност од Прилогот број 1 на оваа уредба со законска сила, во објектите за трговија на мало должни се да обезбедат посебно обележани рафтови, гондоли и сл. со ознаката „КУПУВАМ ДОМАШНО" на кои ќе бидат изложени македонски производи за продажба на лицата - корисници на финансиската поддршка од оваа уредба со законска сила. Доколку во објектите за трговија на мало не постои можност за издвојување на македонските производи на посебно обележани рафтови, гондоли и сл., како и ако со издвојувањето се нарушува нивниот квалитет, целовитост, рок на употреба и сл., македонските производи должни се да ги означат со видна ознака/етикета/налепница "КУПУВАМ ДОМАШНО" заради нивно лесно препознавање.

(2) За прометот на македонски производи и услуги, правните и физички лица од ставот (1) на овој член издаваат фискална сметка која задолжително содржи линија во фискалната сметка за вкупен промет остварен од македонски производи со текст „промет од македонски производи", пресметан данок на додадена вредност од македонски производи прикажан по даночни стапки и вкупен износ на данок на додадена вредност од македонски производи.

(3) Прометот на производи и услуги кои не се опфатени согласно членот 2 точки 5) и 6) на оваа уредба со законска сила не може да се плаќа со домашната платежна картичка.

(4) Правните и физички лица вршители на стопанска дејност што вршат on-line продажба преку интернет страници должни се на страницата посебно да ги издвојат македонските производи и услуги и да ги означат со видна ознака/стикер "КУПУВАМ ДОМАШНО" согласно членот 2 точки 5) и 6) на оваа уредба со законска сила.

(5) Правните и физички лица вршители на стопанска дејност што вршат on-line продажба преку интернет страници, на интернет страницата за on-line продажба, должни се да постават известување на видно место на насловната страна на интернет страницата, како и на страната за плаќање со која ги известуваат купувачите дека со домашната платежна картичка може да плаќаат само македонски производи и услуги кои се означени со ознаката "КУПУВАМ ДОМАШНО"."

Член 2

Прилогот 1 - Дејности за кои може да се плаќа со домашна платежна картичка се заменува со нов Прилог 1 - Дејности за кои може да се плаќа со домашна платежна картичка, кој е составен дел на оваа уредба со законска сила.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-6203/1 | Претседател на Владата |
| 22 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

Прилог 1: Дејности за кои може да се плаќа со домашна платежна картичка

55 Објекти за сместување

55.10 Хотели и слични објекти за сместување (МСС код: 7011; 3509)

55.20 Одморалишта и останати објекти за пократок престој (МСС код: 7011; 6513)

55.30 Кампови, автокампови и простори за кампирање (МСС код: 7011; 6513)

55.90 Друг вид на сместување (МСС код: 7011; 6513)

56 Дејности за подготовка на оброци и служење на храна

56.10 Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна (МСС код: 5812; 5814)

56.21 Услуги на доставување на храна и пијалаци за посебни прилики (кетеринг) (МСС код: 5811; 5812)

56.29 Останати услуги за подготвување и служење на храна (МСС код: 5811; 5812)

56.30 Подготовка и послужување на пијалаци (МСС код: 5813)

79 Туристички агенции, организатори на патувања (туроператори) и останати резервациски услуги како и дејностите поврзани со нив

79.11 Дејности на туристичките агенции (МСС код: 4722)

79.12 Дејности на организаторите на патувања (туроператори) (МСС код: 4722)

79.90 Останати резервациски услуги и дејности поврзани со нив (МСС код: 4722)

47 Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли

47.11 Трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалаци и тутун (МСС код: 5411; 5310; 5993; 5499)

47.19 Друга трговија на мало во неспецијализирани продавници (МСС код: 5411; 5310; 5993; 5499)

47.21 Трговија на мало со овошје и зеленчук во специјализирани продавници (МСС код: 5411; 5310; 5311; 5993; 5499)

47.22 Трговија на мало со месо и производи од месо во специјализирани продавници (МСС код: 5422)

47.23 Трговија на мало со риби, лушпари и мекотели во специјализирани продавници (МСС код: 5422)

47.24 Трговија на мало со леб, печива, колачи и слатки во специјализирани продавници (МСС код: 5411; 5310; 5441; 5462)

47.25 Трговија на мало со пијалаци во специјализирани продавници (МСС код: 5921)

47.29 Друга трговија на мало со храна во специјализирани продавници (МСС код: 5411; 5310; 5499)

47.51 Трговија на мало со текстил во специјализирани продавници (МСС код: 5697, 5699)

47.59 Трговија на мало со мебел, опрема за осветлување и други предмети за домаќинствата, во специјализирани продавници (МСС код: 5712,5719)

47.61 Трговија на мало со книги во специјализирани продавници (МСС код: 5942)

47.64 Трговија на мало со спортска опрема во специјализирани продавници (МСС код: 5941,5655)

47.71 Трговија на мало со облека во специјализирани продавници (МСС код: 5611, 5651, 5691, 5621, 5699, 5641,5655)

47.72 Трговија на мало со обувки и предмети од кожа во специјализирани продавници (МСС код: 5661)

47.73 Аптеки (МСС код: 5912)

47.75 Трговија на мало со козметички и тоалетни препарати во специјализирани продавници (МСС код: 5977)

47.81 Трговија на мало со храна, пијалаци и тутунски производи на тезги и пазари

47.82 Трговија на мало на тезги и пазари со текстил, облека и обувки

47.89 Трговија на мало со други стоки на тезги и пазари

47.91Трговија на мало преку пошта и интернет

47.99 Друга трговија на мало вон продавници, тезги и пазари

96.02 Фризерски салони и салони за разубавување (МСС код: 7230)

96.09 Останати лични услужни дејности, неспомнати на друго место (МСС код: 8999)

- Граѓани запишани во регистарот за угостителска дејност од мал обем за вршење услуги за издавање легла за гости-туристи во домашно сместување (МСС код: 7011; 6513).

---

**2135.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр.39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 153/19), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За начинот на исплата на средствата во 2020 година од Агенцијата за електронски комуникации за финансирање на Оперативно - техничката агенција за време на траење на вонредната состојба, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Агенцијата е должна да и ги исплати средствата за финансирање на Оперативно - техничката агенција во износ од 64.000.000,00 денари во рок од 3 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-44-6205/1 Претседател на Владата
22 јуни 2020 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2136.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.139/20), во членот 2 во ставот 3 во алинејата 2 сврзникот „и" се заменува со точка.

Алинејата 3 се брише.

Член 2

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44- 6206/1 Претседател на Владата
22 јуни 2020 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Оливер Спасовски,** с.р.

**2137.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За рокот за донесување и доставување на нацрт-годишна програма за работа на установата, за времетраењето на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Рокот за донесување на нацрт-годишна програма за работа на националната установа за 2021 година од страна на директорот на националната установа и доставување до Министерството за култура, се одложува за време на траење на вонредната состојба, како и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 1 август 2020 година.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44- 6207/1 Претседател на Владата
22 јуни 2020 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2138.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 140/20), во членот 3 бројот „60" се заменува со бројот „150".

Член 2

По членот 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

„Член 3-а

Операторите од член 3 од оваа уредба со законска сила кои имаат извршено регистрација во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до денот на влегувањето во сила на подзаконските акти од член 2 став (1) од оваа уредба со законска сила, должни се до истекот на рокот од член 3 од оваа уредба со законска сила за доставување на пријави за регистрација на странски радиодифузери кои ги реемитуваат да обезбедат непрекинато реемитување на програмските сервиси на сите радиодифузери кои ги реемитуваат, согласно одредбите од Законот од електронски комуникации.“

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-6209/1
22 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2139.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ИЗБОРИТЕ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА 15 ЈУЛИ 2020 ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 160/20), по членот 5 се додава нов член 5-а, кој гласи:

„Член 5-а

Доколку не се исполнети просторните услови на просторијата во која е сместено гласачкото место или просторијата каде што треба да се спроведува гласањето Државната изборна комисија може да определи друг соодветен простор кој ги исполнува условите за спроведување на гласањето.“.

Член 2

Во членот 7 по зборот „емитуваат“ се додаваат зборовите „вкупно 15 часа на ден платено политичко рекламирање, односно“, а по зборовите „две минути“ се става запирка и се додаваат зборовите „при што ниеден подносител на листа не може да користи повеќе од 3 минути време за рекламирање на реален час за платено политичко рекламирање.“.

По ставот 1 се додава три нови става 2, 3 и 4 кои гласат:

„Подносител на листа кој е од редот на двете најголеми политички партии на власта може да користи повеќе од 3 минути време за рекламирање на реален час платено политичко рекламирање, доколку другата најголема политичка партија на власта изрично се согласи со тоа и ѝ отстапи дел од времето кое нејзе и припаѓа. Доколку едната од најголемите политички партии на власта не е подносител на листа, најголемата политичка партија од власта која е подносител на листа не може да користи повеќе од 3 минути време за рекламирање на реален час.

Подносител на листа кој е од редот на двете најголеми политчки партии од опозиција може да користи повеќе од 3 минути време за рекламирање на реален час платено политичко рекламирање, доколку другата најголема политичка партија од опозиција изрично се согласи со тоа и отстапи дел од времето кое нејзе и припаѓа. Доколку едната од најголемите политички партии од опозиција не е подносител на листа, најголемата политичка партија од опозиција која е подносител на листа не може да користи повеќе од 3 минути време за рекламирање на реален час.

Медиумите од членот 76 став 7 од Изборниот законик се должни бесплатно да ги емитуваат информативните и едукативните кампањи на Државната изборна комисија во траење од 30 секунди на секој час.“.

Член 3

По членот 7 се додаваат два нови члена 7-а и 7-б кои гласат:

„Член 7-а

При распределбата на рекламниот простор на електронските медиуми (интернет портали) и печатените медиуми наменет за платено политичко рекламирање, согласно член 75-ѓ став 12 алинеја 1 од Изборниот законик, едната од најголемите политички партии од власта може да користи најмногу половина од просторот кој е одреден за рекламен простор наменет за двете најголеми политички партии од позицијата, освен доколку другата најголема политичка партија на власта изрично се согласи да и отстапи дел од просторот кој нејзе и припаѓа. Доколку едната од најголемите политички партии на власта не е подносител на листа, најголемата политичка партија од власта која е подносител на листа не може да користи повеќе од половина од просторот утврден во членот 75-ѓ став 12 алинеја 1 од Изборниот законик, како простор наменет за најголемите политички партии во власта.

При распределбата на рекламниот простор на електронските медиуми (интернет портали) и печатените медиуми наменет за платено политичко рекламирање, согласно член 75-ѓ став 12 алинеја 2 од Изборниот законик, едната од најголемите политички партии во опозиција може да користи најмногу половина од просторот кој е одреден за рекламен простор наменет за двете најголеми политички партии во опозиција, освен доколку другата најголема политичка партија од опозиција изрично се согласи да и отстапи дел од просторот кој нејзе и припаѓа. Доколку едната од најголемите политички партии од опозиција не е подносител на листа, најголемата политичка партија од опозиција која е подносител на листа не може да користи повеќе од половина од просторот утврден во членот 75-ѓ став 12 алинеја 2 од Изборниот законик, како простор наменет за најголемите политички партии во опозиција.

Член 7-б

При распределбата на финансиските средства за платено политичко рекламирање обезбедени од Буџетот на Република Македонија согласно член 76-д од Изборниот законик, едната од најголемите политички партии од власта може да користи најмногу половина од средствата од членот 76-д став 4 алинеја 1 од Изборниот законик, освен доколку другата најголема политичка партија на власта изрично се согласи да и отстапи дел од другата половина од средствата од членот 76-д став 4 алинеја 1 од Изборниот законик. Доколку едната од најголемите политички партии на власта не е подносител на листа, најголемата политичка партија од власта која е подносител на листа не може да користи повеќе од половина од средствата утврдени во членот 76-д став 4 алинеја 1 од Изборниот законик.

При распределбата на финансиските средства за платено политичко рекламирање обезбедени од Буџетот на Република Македонија согласно член 76-д од Изборниот законик, едната од најголемите политички партии од опозиција може да користи најмногу половина од средствата од членот 76-д став 4 алинеја 2 од Изборниот законик, освен доколку другата најголема политичка партија од опозиција изрично се согласи да и отстапи дел од другата половина од средствата од членот 76-д став 4 алинеја 2 од Изборниот законик. Доколку едната од најголемите политички партии во опозиција не е подносител на листа, најголемата политичка партија од опозиција која е подносител на листа не може да користи повеќе од половина од средствата утврдени во членот 76-д став 4 алинеја 2 од Изборниот законик.“.

Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-6210/1
22 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2140.**

Врз основа на член 126 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 од Законот за Владата на Република Македонија ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 169/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО 2020 ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за финансирање на политичките партии во 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 166/20), во член 1, по зборовите „Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19)“ се додаваат зборовите „и Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 126/20)“.

Член 2

Во член 2 во ставот 2, по зборовите „Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19)“ се додаваат зборовите „и Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.126/20)“.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-6213/1
22 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2141.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за данокот на добивка за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 79/20) во член 2 во ставот (1) зборовите „март, април и мај 2020 година“ се заменуваат со зборовите „март, април, мај, јуни и јули 2020 година“.

Во ставот 2 алинеја 1 зборовите „15 јуни 2020 година“ се заменуваат со зборовите „15 август 2020 година“.

Член 2

Прилогот Барање за ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка се заменува со нов Прилог Барање за ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка кој е составен дел на оваа уредба со законска сила.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-6198/1
22 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДД-ОМА**

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
## за ослободување од плаќање на износот на аконтации на данок на добивка

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |

## А. ИЗВРШУВАМ ДЕЈНОСТ
*(согласно Националната класификација на дејности - НКД Рев.2: Угостителска дејност, Туризам, Објекти за сместување, Транспорт, Воден транспорт и Воздухопловен транспорт)*

☐ Да

☐ Не

## Б. ШИФРА И ОПИС НА ДЕЈНОСТ ШТО ЈА ВРШИ БАРАТЕЛОТ
*(наведи ја шифрата на дејност според НКД рев.2)*

| Шифра | | Дејност | |
|---|---|---|---|

## В. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ДАНОЧНИ ПОВОЛНОСТИ

**Изјавувам дека ги исполнувам условите за користење на даночни поволности**

☐ а) Даночниот обврзник нема да исплати дивиденда на сопствениците, награда за деловна успешност (учество во добивка, бонус) или друг вид на годишна награда на вработените и органите на управување и надзор на даночниот обврзник, од денот на влегувањето во сила на уредбата, до денот на траењето на ослободувањето

☐ б) Даночниот обврзник нема да го намали бројот на вработени, сметано од денот на влегувањето во сила на Уредбата со законска сила се до три месеци по престанувањето на нејзината важност, освен во случаите на смрт, пензионирање или отказ од страна на вработените

☐ в) Вкупните приходи на даночниот обврзник се намалени за најмалку 40% во тековниот месец во однос на месец февруари 2020 година или намалувањето на вкупните приходи за 2020 година изнесува повеќе од 40% во однос на истиот период претходната година

☐ г) Бројот на вработени кои не работат односно не придонесуваат во економската активност на даночниот обврзник-работодавач, заради спроведување на мерките изнесува најмалку 25% во однос на вкупниот број на вработени во месец февруари 2020 година

☐ д) Даночниот обврзник затворил најмалку 50% од продажните места преку кои го остварува прометот (подружници, продажни објекти)

## Г. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ЗА ДАНОЧНИ ПОВОЛНОСТИ

☐ **Изјавувам под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека сите податоци дадени во ова Барање се проверени и целосно вистинити**

## ПОДАТОЦИ НА ПОДНОСИТЕЛ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на поднесување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

ДД-ОМА

Согласно уредба со законска сила за примена на Законот за данокот на добивка за време на вонредна состојба, обврзниците кои имаат претрпено штети во своето работење поради спроведување на мерките за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот COVID-19 на Владата на Република Северна Македонија, имаат право на ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка за месеците март, април, мај, јуни и јули 2020 година.

Користењето на правото се однесува на обврзниците кои ги вршат дејностите наведени согласно Националната класификација на дејности - **НКД Рев.2**:
- Угостителска дејност **(шифра 56)** - дејности за подготовка и служење на храна
- Туризам **(шифра 79)** - Туристички агенции организатори на патувања (туроператори) и останати резервациски услуги како и дејностите поврзани со нив
- Објекти за сместување **(шифра 55)**
- Транспорт **(шифра 49)** - Копнен транспорт и цевоводен транспорт
- Воден транспорт **(шифра 50)**
- Воздухопловен транспорт **(шифра 51)**

**и кои ги исполнуваат условите**
- даночниот обврзник нема да исплати дивиденда на сопствениците, награда за деловна успешност (учество во добивка, бонус) или друг вид на годишна награда на вработените и органите на управување и надзор на даночниот обврзник, од денот на влегувањето во сила на уредбата, до денот на траењето на ослободувањето и
- даночниот обврзник - работодавач нема да го намали бројот на вработени, сметано од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила три месеци по престанувањето на нејзината важност, освен во случаите на смрт, пензионирање или отказ од страна на вработените.

Користењето на правото се однесува и на други обврзници од член 2 став 2 и 3 од Уредбата, а кои имаат претрпено штети во своето работење поради спроведување на мерките за спречување на внесување и ширење на Корона вирусот COVID-19 на Владата на Република Северна Македонија доколку ги исполнуваат следните услови:
- нема да исплати дивиденда на сопствениците, награда за деловна успешност (учество во добивка, бонус) или друг вид на годишна награда на вработените и органите на управување и надзор на даночниот обврзник, од денот на влегувањето во сила на уредбата, до денот на траењето на ослободувањето и
- даночниот обврзник - работодавач нема да го намали бројот на вработени, сметано од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила три месеци по престанувањето на нејзината важност, освен во случаите на смрт, пензионирање или отказ од страна на вработените.

Како и да исполнат еден од следните услови:
- вкупните приходи на даночниот обврзник да се намалени за најмалку 40% во тековниот месец во однос на месец февруари 2020 година или намалувањето на вкупните приходи за 2020 година изнесува повеќе од 40% во однос на истиот период претходната година, или
- бројот на вработени кои не работат односно не придонесуваат во економската активност на даночниот обврзник - работодавач, заради спроведување на мерките да изнесува најмалку 25% во однос на вкупниот број на вработени во месец февруари 2020 година, или
- даночниот обврзник да затворил најмалку 50% од продажните места преку кои го остварува прометот (подружници, продажни објекти).

За остварување на правото, даночните обврзници поднесуваат Барање за ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка до Управата за јавни приходи. Поднесувањето на барањето се врши преку системот http://etax.ujp.gov.mk, а комплетното барање го потврдува Управата за јавни приходи, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето.

**ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛ**
- **Единствен даночен број (ЕДБ)** - се впишува Единствениот даночен број на барателот.
- **Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт** - се впишува скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт.
- **Контакт** - се впишува е-пошта и телефон.

**А. ИЗВРШУВАМ ДЕЈНОСТ** - се означува соодветно поле согласно дејноста која ја врши барател согласно член 2 став 2 од Уредбата.

**Б. ШИФРА И ОПИС НА ДЕЈНОСТ ШТО ЈА ВРШИ БАРАТЕЛОТ** - се впишува шифрата и опис на дејноста што ја врши барателот.

**В. ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ НА ДАНОЧНИ ПОВОЛНОСТИ**
Доколку вршите дејност согласно Националната класификација на дејности - **НКД Рев.2**: Угостителска дејност, Туризам, Објекти за сместување, Транспорт, Воден транспорт и Воздухопловен транспорт, задолжително означето ги полињата **а)** и **б)**. Доколку пак, вршите друга дејност а поднесувате барање за користење на даночни поволности, задолжително означете ги полињата **а)** и **б)**, како и едно или повеќе од полињата **в)**, **г)** и **д)** за кое ги исполнувате условите.

**Г. ИЗЈАВА ЗА ДАДЕНИ ПОДАТОЦИ ВО БАРАЊЕТО** - барателот изјавува дека под целосна материјална и кривична одговорност сите податоци дадени во ова Барање се проверени и целосно вистинити.

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕТО**
Се пополнуваат податоците за подносителот на барањето.

**2142.**

Врз основа на член 39 став (9) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈАТА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА - ДОЛОМИТ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА НЕМЕТАЛНИ МИНЕРАЛИ СИЛИКА - МИНЕРАЛ УВОЗ-ИЗВОЗ ПРИЛЕП НА ЛОКАЛИТЕТОТ „БРЕСТ“ С.СУВИ ДОЛ, ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

1. На Акционерското друштво за производство на неметални минерали СИЛИКА - МИНЕРАЛ увоз-извоз Прилеп му се продолжува концесијата за експлоатација на минерална суровина - доломит на локалитетот „Брест“ с.Суви Дол, општина Македонски Брод, со површина на простор на концесија за експлоатација дефинирана со Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - доломит на локалитетот „Брест“ с.Суви Дол, општина Македонски Брод бр.24-5584/1 од 13.11.2014 година (во понатамошниот текст: Договор за концесија) и тоа:

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| Т-1 | 7520530 | 4599150 |
| Т-2 | 7521100 | 4599150 |
| Т-3 | 7521100 | 4598500 |
| Т-4 | 7521000 | 4598220 |
| Т-5 | 7520660 | 4598480 |
| Т-6 | 7520530 | 4598500 |

2. Површината на просторот на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука изнесува P=0.436802 km2.

3. Времетраењето за продолжувањето на концесијата од точка 1 на оваа одлука е за 20 (дваесет) години.

4. Висината на надоместокот за продолжувањето на концесија од точка 1 на оваа одлука се определува со анекс на Договорот за концесија во согласност со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

5. Начинот и роковите на плаќање на надоместокот за продолжувањето на концесијата од точка 1 на оваа одлука ќе се определат со анекс на Договорот за концесија.

6. Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од точка 1 на оваа одлука се смета денот на потпишување на анекс на Договорот за концесија.

7. Во име на Владата на Република Северна Македонија, анексот на Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-978/1 — Претседател на Владата
22 јуни 2020 година — на Република Северна Македонија,
Скопје — **Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2143.**

Врз основа на член 383 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерско друштво за аеродромски услуги АЕРОДРОМИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА АЕРОДРОМСКИ УСЛУГИ АЕРОДРОМИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметка на платите на вработените во Акционерско друштво за аеродромски услуги АЕРОДРОМИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје за 2020 година бр.02-137/2 од 10.6.2020 година, донесена од Управниот одбор на Друштвото, на состанокот, одржан на 10.6.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-1701/1 — Претседател на Владата
22 јуни 2020 година — на Република Северна Македонија,
Скопје — **Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2144.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАБРАНА И ПОСЕБЕН РЕЖИМ НА ДВИЖЕЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.72/20, 74/20, 76/20, 78/20 89/20, 92/20, 100/20, 105/20, 107/20, 111/20, 119/20, 125/20, 130/20, 134/20, 136/20 и 147/20).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 44-2416/17
22 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**2145.**

Врз основа на член 58 став 1 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ВНЕСУВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА КОРОНАВИРУС COVID-19**

Член 1

Во Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.62/20, 63/20, 64/20, 66/20, 70/20, 72/20, 92/20, 100/20, 107/20, 109/20, 119/20, 123/20, 125/20, 126/20, 134/20, 136/20, 140/20, 147/20, 153/20, 154/20, 156/20, 157/20, 163/20 и 166/20), во член 1, став 1, во точката 1, по ставот 10 се додава нов став кој гласи:

„Активностите, начинот на работа и условите поврзани со реализација на квалификацискиот испит во средните училишта во учебната 2020/2021 година, се утврдуваат во и одвиваат со задолжително почитување на Протоколот за постапување на средните училишта за време на полагањето на квалификацискиот испит во учебната 2020/2021 година од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Министерството за образование и наука, кој е даден во Прилог број 25 и е составен дел на оваа одлука.

Во точката 9 запирката по зборот „барови“ се брише и се додава сврзникот „и“ и се бришат зборовите „и казина“.

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Може да отпочнат со работа приредувачите на игри на среќа во автомат клуб со задолжително почитување на Протоколот за отворање и работа на приредувачите на игри на среќа во автомат клуб од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, кој е даден во Прилог број 26 и е составен дел на оваа одлука и приредувачите на игри на среќа во казино со задолжително почитување на Протоколот за отворање и работа на приредувачите на игри на среќа во казино од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, кој е даден во Прилог број 27 и е составен дел на оваа одлука.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2147/25
22 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**Прилог број 25**

**ПРОТОКОЛ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА ВРЕМЕ НА ПОЛАГАЊЕТО НА КВАЛИФИКАЦИСКИОТ ИСПИТ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА**

1. Полагањето на учениците, прегледувањето на тестовите, истакнувањето на прелиминарните резултати, поднесувањето на приговори, разгледувањето на приговорите и објавување на конечните резултати во средните училишта да се одвива во период од 10:00 часот до 17:00 часот.

2. Полагањето на учениците кои се во самоизолација се врши по електронски пат во средното училиште во кое ученикот се пријавил во утврдениот рок и ја доставил потребната документација согласно конкурсот.

3. Организирањето на испитот по електронски пат е во истиот временски период како и за останатите ученици. Наставниците кои ќе го спроведат квалификацискиот испит по електронски пат се ангажираат од редот на вработените во училиштето, за што одлучува директорот на средното училиште.

4. Наставниците кои ќе бидат задолжени од страна на директорот на училиштето за спроведување на квалификацискиот испит по електронски пат, потребно е да ги подготват учениците кои ќе полагаат електронски.

Подготовката се состои во следното:

- инсталирање на соодветен софтвер на мобилниот телефон и компјутерот од ученикот, по предлог на одговорните наставници;
- обезбедување на услови мобилниот телефон да го постават учениците така што да може да се снима и ученикот и екранот од неговиот компјутер (по можност од страна).

- мобилниот телефон на ученикот во кој има инсталирано соодветен софтвер (пр. zoom) треба за цело време на испитот ученикот да е приклучен и со камера и со аудио. Не смее да ја исклучат сесијата бидејќи тоа ќе се смета како обид за препис.

- Мобилниот телефон треба со вклучена камера да го опфаќа ученикот кој полага и неговиот екран во исто време. Треба да е добро прицврстен и да обезбедат да има доволно батерија или приклучок кон напојување (ако им се исклучи мобилниот телефон испитот им завршува). Најдобро е мобилниот да е во landscape (хоризонтална) позиција. За виртуелната училница ќе има одговорни наставници од вработените во училиштето кои се задолжени за овој вид на полагање на испит и тие цело време ќе ги набљудуваат учениците во соодветната виртуелна училница.

- За време на испитот не е дозволено користење на било какви дополнителни материјали ниту интернет. Доколку постои било каков сомнеж дека има препис, детално ќе бидат прегледани снимките и логовите кои ги нуди средината во која полагаат и ако се потврди преписот, одговорите во тестот нема да се земаат во предвид.

- Доколку учениците имаат било какво прашање, проблем во однос на овој начин на полагање на испитот или некој технички проблеми (несоодветен телефон, компјутер и интернет),треба да им пратат e-mail на одговорните наставици за спроведување на квалификацискиот испит по електронски пат, со конкретно објаснување.

5. Во средното училиште да се обезбедат сите санитарно хигиенски услови.

6. Задолжително вршење на дезинфекција со дезинфекциско средство кое делува на вируси според упатство од производителот, на клупите во просториите каде што ќе се врши полагањето на учениците, прегледувањето на тестовите и разгледувањето на приговорите.

7. Користење на заштитна маска, марама или шал со кои ќе бидат покриени устата и носот од страна на сите вработени во средното училиште.

8. Користење на заштитна маска, марама или шал со кои ќе бидат покриени устата и носот, од страна на сите учениците.

9. Организирање на просторот во училниците со цел спроведување на редот и одржување на потребното физичко растојание меѓу учениците од минимум 2 метри, за присуство на максимум 10 ученици во една училница.

10. Организирање на редарска служба во средното училиште, со цел спроведување на редот и одржување на потребното растојание меѓу учениците од минимум 2 метри пред и внатре во училиштето и тоа: двајца (2) редари пред влезот на училиштето и двајца (2) редари во училиштето. Редарите да се ангажираат од редот на вработените во училиштето, за што одлучува директорот на средното училиште.

11. Поставување на ознаки со кои се означува правец на движење и запазување на минимум потребното растојание при чекање ред на учениците пред и внатре во училиштето.

12. Одобрување на влез во училиштето само на ученикот, не и на неговиот родител, со задолжително носење заштитна маска, марама или шал со кои ќе бидат покриени устата и носот.

13. Задолжително носење документ за лична идентификација.

14. Задолжително носење пенкало, молив, гума.

15. Забрането е користење на телефон.

16. Поставување на средства за дезинфекција на влезот во училиштето, како и пред и во просториите каде ќе се врши полагањето на учениците, прегледувањето на тестовите, истакнувањето на прелиминарните резултати, поднесувањето на приговори, разгледувањето на приговорите и објавувањето на конечни резултатите.

17. На крајот на секој ден задолжително е механичко чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, а алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини.

18. Редовно одржување на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреа на горенаведените дезинфекциски средства.

Заради заштитата на здравјето, се повикуваат сите ученици на доследно почитување на превентивните мерки од Владата на Република Северна Македонија:

- Бидете трпеливи, чекајте во ред пред училиштето и одржувајте најмалку 2 метри растојание од лицата околу вас, пред и во училиштето.

- Почитувајте ги препораките на редарите и влегувајте во училиштето еден по еден т.е откако редарот ќе ви дозволи.

- Задолжително носете заштитна опрема (маска, марама, шал), во спротивно нема да ви биде дозволен влез во училиштето.

**Прилог број 26**

## ПРОТОКОЛ ЗА ОТВОРАЊЕ И РАБОТА НА ПРИРЕДУВАЧИТЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ

1. Ограничен број на лица, односно во просторијата можат да бидат присутни истовремено најмогу 1 лице на 5м2.

2. На влез е задолжително да има редарска служба.

3. Редарската служба ќе врши дезинфекција на раце на сите лица кои влегуваат во објектот, контрола на заштитна опрема (заштитни маски).

4. Заштитната опрема е задолжителна при влегување и движење низ објектот.

5. Доколку лицата не носат заштитна опрема (заштитни маски), не смеат да се пуштаат внатре и да се движат низ објектот.

6. Вработените задолжително да вршат редовна дезинфекција, миење на раце и да носат заштитна опрема (заштитна маска).

7. Задолжително одржување на дистанца од најмалку 1,5 м.

8. Во случај на помало растојание задолжително да се користат пластични, стаклени или слични прегради, паравани и слично.

9. На видни места да бидат поставени соодветни информации за запазување на мерките за заштита и безбедноста на вработените и гостите.

10. Задолжително да се врши редовно чистење со дезинфекционо средство на секое играчко место по секоја употреба.

11. На крајот на смената задолжително механичко чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини.

12. Редовно одржување на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреба на горенаведените дезинфекциони средства.

**Прилог број 27**

**ПРОТОКОЛ ЗА ОТВОРАЊЕ И РАБОТА НА ПРИРЕДУВАЧИТЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО КАЗИНО**

1. Ограничен број на лица, односно во просторијата можат да бидат присутни истовремено најмогу 1 лице на 5м2.

2. На влез е задолжително да има редарска служба.

3. Редарската служба ќе врши дезинфекција на раце на сите лица кои влегуваат во објектот, контрола на заштитна опрема (заштитни маски).

4. Редарската служба ќе врши контролирано пропуштање на лица во објектот со запазување на дистанца од најмалку 2м до казино рецепцијата.

5. Позициите за регистрација на посетители мора да бидат одвоени најмалку 2 м една помеѓу друга.

6. Доколку лицата не носат заштитна опрема (заштитни маски) не смеат да се пуштаат и да се движат низ објектот.

7. Вработените задолжително да вршат редовна дезинфекција и миење на раце и да носат заштитна опрема (заштитна маска).

8. Задолжително одржување на дистанца од најмалку 1,5 м.

9. Во случај на помало растојание задолжително да се користат пластични, стаклени или слични прегради, паравани и слично.

10. Заштитната опрема е задолжителна при движење низ објектот.

11. Присуството на лица на касите низ објектот е со одржување на дистанца од 2 м растојание.

12. На видни места да бидат поставени соодветни информации за запазување на мерките за заштита и безбедноста на вработените и гостите.

13. Задолжително да се врши редовно чистење со дезинфекционо средство на секое играчко место по секоја употреба.

14. На крајот на смената задолжително механичко чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини.

15. Редовно одржување на тоалетите со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и употреба на горенаведените дезинфекциони средства.

За играње на апарати на игри на среќа (АИС) се применува една од следниве мерки:

1. Доколку гостите седат на играчкото место на АИС и притоа е запазено минималното растојание или играчкото место е обезбедено со пластични, стаклени или слични прегради тогаш носењето на заштитна опрема е задолжително за време на играта.

2. Доколку гостите седат на играчкото место на АИС со повеќе играчки места (електронски рулет) и притоа е запазено минималното растојание или играчкото место е обезбедено со пластични, стаклени или слични прегради тогаш носењето на заштитна опрема е задолжително за време на играта.

За играње на масите за жива игра се применуваат следниве мерки:

1. Игра на маса за жива игра Американски Рулет се одвива со најмногу 3 играчи при што носењето на заштитна опрема е задолжително.

2. Игра на маса за жива игра Блек Џек, Карабиан Покер, Ултимејт Тексас Покер и други казино игри кои се играат на маси со седум играчки места, се одвива со најмногу 3 играчи при што носењето на заштитна опрема е задолжително.

3. Игра на маса за жива игра Тексас Холдем Покер се одвива преку едно играчко место со најмногу 5 играчи при што носењето на заштитна опрема е задолжително.

---

**2146.**

Врз основа на член 9-а став (6) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 35/11, 84/12, 43/14, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА - СКОПЈЕ Ц.О.**

Член 1

Со оваа одлука од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се отстапуваат, без надомест, 20.000 литри Екстра лесно Ел-1 гориво на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о.

Нафтените деривати од став 1 на овој член се отстапуваат на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о. за извршување на основните работи од тековно и инвестиционо одржување на патишта, планирани со Годишната програма за одржување и заштита на државните патишта за 2020 година.

Член 2

Трошоците за испорака, односно транспортните и манипулативните трошоци за преземање на отстапените нафтени деривати од член 1 на оваа одлука, паѓаат на товар на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44- 4853/1 | Претседател на Владата |
| 22 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**2147.**

Врз основа на член 9-а став (6) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати (“Службен весник на Република Македонија” бр. 84/08, 35/11, 84/12, 43/14, 83/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се отстапуваат на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, без надомест 150.000 литри Еуродизел БС гориво.

Нафтениот дериват, од став 1 на овој член, се отстапува на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за извршување на работите од нивната дејност – превоз на патници и стока со железницата.

Член 2

Трошоците за испорака односно транспортните и манипулативните трошоци за преземање на нафтениот дериват, паѓаат на товар на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-4936/1 | Претседател на Владата |
| 22 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**2148.**

Врз основа на член 12 став 12 од Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/09, 53/11, 164/13, 43/14, 33/15, 88/15, 149/15, 39/16, 172/16 и 82/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА ЗА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РАБОТИ НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за висината за надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство, донесен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, под бр.02-5392/1 од 18.6.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-6167/1 | Заменик на претседателот |
| 22 јуни 2020 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р. |

---

**2149.**

Врз основа на член 47 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ – МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 1

Да се изврши продажба на движни ствари – моторни возила, во сопственост на Министерство за финансии- Царинска управа на Република Северна Македонија, и тоа:

| Р.бр | Марка/Тип на возило | Регистарски ознаки | Број на шасија | Број на моторот | Боја на каросерија | Год. производство | Работна зафатнина на мотор Cm3 | Сила на мотор KW | Почетна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Landrover Frelander | SK-808-ML | SALLNABG22A236242 | 25K4F/N64223407 | бела | 2002 | 2497 | 130 | 16.600,00 |
| 2 | Opel Frontera | SK-5830-AK | WOLO6BG762V50256 | Y22DTH17B97041 | зелена | 2002 | 2172 | 85 | 19.990,00 |
| 3 | Skoda Felicija | SK-1225-AR | TMBEHH61317358309 | AEF368377 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 4 | Skoda Felicija | SK-346-NC | TMBEHH61317357169 | AEF368386 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 5.600,00 |
| 5 | Seat Inka | SK-685-KN | WDB9046131R765618 | 1Y894915 | бела | 2001 | 1896 | 47 | 11.290,00 |
| 6 | Lada Niva | SK-267-SP | XTA21214081301386 | 21214/9233286 | бела | 2008 | 1690 | 59,5 | 12.850,00 |
| 7 | Lada Niva | SK-254-SP | XTA21214081901318 | 21214/9233426 | бела | 2008 | 1690 | 59,5 | 12.850,00 |
| 8 | Skoda Felicija | SK-5746-AK | TMBEHH61317358584 | AEF/368572 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 7.800,00 |
| 9 | Lada Niva | SK-1395-AD | XTA21214081904673 | 21214/9242037 | бела | 2008 | 1690 | 59,5 | 12.850,00 |
| 10 | Skoda Felicija | SK-564-JV | TMБEHH613Y7304740 | AEF351843 | бела | 2000 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 11 | Skoda Felicija | SK-549-KP | TMBEHH61315351170 | AEF368508 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 12 | Skoda Felicija | SK-968-KN | TMBEHH61317357012 | AEF/358334 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 10.500,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Skoda Felicija | SK-769-SI | TMVENN61315349261 | AEF/367695 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 14 | Opel Astra | SK-871-MU | WOLQTGF6935031167 | R18A1-2046851 | темно плава | 2002 | 1995 | 74 | 9.400,00 |
| 15 | Lada Niva | SK-753-SO | XTA21214081304531 | 21214/9241542 | бела | 2008 | 1690 | 59,5 | 12.850,00 |
| 16 | Volksvagen Touareg | SK-348-OM | WVGZZZ7LZ5D021664 | BAC/031557 | црна | 2004 | 2461 | 128 | 23.270,00 |
| 17 | Skoda Oktavija | SK-872-TF | TMBKS21Z682120252 | BXE938717 | металик сива | 2008 | 1896 | 77 | 15.430,00 |
| 18 | Lada Niva | SK-268-SP | XTA21214081904675 | 21214/9241793 | бела | 2008 | 1690 | 59,5 | 12.850,00 |
| 19 | Skoda Felicija | SK-026-LO | TMBEHH61317358587 | AEF368580 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 20 | Lada Niva | SK-754-SO | XTA21214081904554 | 21214/9241540 | бела | 2008 | 1690 | 59,5 | 12.850,00 |
| 21 | Seat Inka | SK-686-KN | WDB9046131R765619 | 1Y894921 | бела | 2001 | 1896 | 47 | 11.290,00 |
| 22 | Skoda Felicija | SK-132-NM | TMBEHH613Y0269011 | AEF367741 | темно зелена | 2001 | 1891 | 47 | 5.800,00 |
| 23 | Skoda Felicija | SK-876-MC | TMBEHH613Y5280197 | AEF351990 | темно зелена | 2000 | 1891 | 47 | 8.200,00 |
| 24 | Opel Frontera | SK-520-MG | WOLO6BG762V502587 | Y22DTH17C10708 | бела | 2002 | 2172 | 85 | 19.990,00 |
| 25 | Lada Niva | SK-748-SO | XTA21214081904546 | 21214/9241820 | бела | 2008 | 1690 | 59,5 | 12.850,00 |
| 26 | Skoda Felicija | SK-719-KN | TMBEHH61315349357 | AEF368021 | темно плава | 2001 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 27 | Opel Astra | SK-435-MP | WOLOTGF6935029593 | Y20DTH17D63505 | сина | 2002 | 1995 | 74 | 8.200,00 |
| 28 | Skoda Felicija | SK-713-NA | TMBEHH61317358419 | AEF368551 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 7.400,00 |
| 29 | Skoda Felicija | SK-561-JV | TMBEHH613Y7301087 | AEF352463 | темно зелена | 2001 | 1891 | 47 | 7.400,00 |
| 30 | Mazda 121 | SK-886-OH | JCMBXXBAJBTA47683 | JJATA47683 | црвена | 1996 | 1324 | / | 7.400,00 |
| 31 | Skoda Fabija | SK-025-LO | TMBPH16Y2234533130 | AZE052854 | бела | 2002 | 1,4 | 44 | 8.000,00 |
| 32 | Opel Kombo | SK-356-NC | WOLOXCF0633008859 | Y17DTL/0550500 | отворена плава | 2002 | 1686 | 48 | 12.780,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 33 | Peugeot Boxer | SK-290-MF | VF3233J4215881038 | 10FZ1R0348368 | бела | 2000 | 2446 | 87 | 20.000,00 |
| 34 | Lada Niva | SK-251-SP | XTA21214081901383 | 21214/9233285 | бела | 2008 | 1690 | 59,5 | 12.850,00 |
| 35 | Skoda Felicija | SK-134-NM | TMBEHH613Y5280220 | AEF351322 | темно зелена | 2000 | 1891 | 47 | 9.200,00 |
| 36 | Opel Astra | SK-960-MD | WOLOTGF6935030565 | Y20DTH17D65126 | сина | 2002 | 1995 | 74 | 10.800,00 |
| 37 | Lada Niva | SK-395-SP | XTA21214081901020 | 21214/9234082 | бела | 2008 | 1690 | 59,5 | 12.850,00 |
| 38 | Mazda 6 | SK-9038-AL | JMZGY19R201166319 | RF/87328 | металик плава | 2004 | 1998 | 100 | 15.400,00 |
| 39 | Volkswagen Transporter | SK-056-OL | WV2ZZZ7HZ5H008558 | AXB050700 | бела | 2004 | 1,9 | 77 | 11.800,00 |
| 40 | Audi A6 | SK-957-OH | WAUZZZ48Z1N106961 | APU085172 | црна | 2001 | 1781 | / | 17.800,00 |
| 41 | Skoda Felicija | SK-7724-AL | TMBEHH61315349218 | AEF367916 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 9.000,00 |
| 42 | Skoda Felicija | SK-132-LD | TMBEHH61315349218 | AEF/368425 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 9.400,00 |
| 43 | Skoda Felicija | SK-129-LD | TMBEHH61317358292 | AEF368371 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 44 | Rover | SK-836-MS | SARREHWPMXD434539 | 14K2FL29237955 | темно зелена | 1999 | 1396 | / | 8.000,00 |
| 45 | Skoda Felicija | SK-165-MK | SK890803/01 | AEF2790212 | сива | / | 1289 | 43 | 6.200,00 |
| 46 | Skoda Felicija | SK-566-JV | TMBEHH613Y5280150 | AEF/351769 | бела | 2000 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 47 | Skoda Felicija | SK-563-JV | TMBEHH313Y5281070 | AEF352023 | темно зелена | 2000 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 48 | Volkswagen Golf | SK-965-RP | WVWZZZ1JZ5D000467 | ATD/671878 | бела | 2004 | 1891 | 74 | 12.500,00 |
| 49 | Skoda Felicija | SK-562-JV | TMBEHH613Y528147 | AEF351856 | бела | 2000 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 50 | Skoda Oktavija | SK-873-TF | TMBPKS21ZX82120142 | BXE 939524 | металик сива | 2008 | 1896 | 77 | 15.430,00 |
| 51 | Skoda Felicija | SK-969-KN | TMBEHH61317387162 | AEF368342 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 10.500,00 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 52 | Skoda Felicija | SK-144-LD | TMBEHH61317358588 | AEF368577 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 53 | Skoda Felicija | SK-964-KN | TMBEHH61315849231 | AEF367711 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 54 | Zastava Yugo | SK-694-TG | VX1145AOOO1065447 | 128A0641557405 | црвена | 2000 | 1,1 | 40 | 7.500,00 |
| 55 | Skoda Felicija | SK-143-NM | TMBEHH614X0106564 | AEF267713 | црвена | 1999 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 56 | Skoda Felicija | SK-653-NT | TMBEHH613757019 | AEF368318 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 57 | Skoda Felicija | SK-725-KN | TMBEHH61315349398 | AEF367946 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| 58 | Skoda Felicija | SK-509-LR | TMVEHH61317357017 | AEF368335 | бела | 1999 | 1891 | 47 | 5.000,00 |
| 59 | Mercedes Benz | PG -4647-B | WDB6693621N018072 | WDB6693621N018072 | бела | / | / | / | 15.000,00 |
| 60 | Landrover Frelander | SK-787-ML | SALLNABG22A237850 | 25K4F/N64227637 | бела | 2002 | 2497 | 130 | 16.600,00 |
| 61 | Skoda Felicija | SK-679-NA | TMBEHH61317358319 | AEF368550 | бела | 2001 | 1891 | 47 | 10.500,00 |
| | Вкупна почетна цена без ДДВ | | | | | | | | 700.120,00 |

Член 2

Продажбата на движните ствари – моторни возила, од член 1 од оваа одлука ќе се изврши заедно, по пат на електронско јавно надавање, преку електронскиот систем за јавно надавање со кој управува и оперира Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи, со проценета вредност, утврдена согласно Процената од Бирото за судски вештачења на Република Северна Македонија, бр. СВ/EL V 37/19 од 19.8.2019 година,во која е проценета вкупна вредност на движните ствари во износ од 700.120,00 денари.

Почетна цена на електронското јавно наддавање претставува вкупната проценета вредност на движните ствари и истата изнесува 700.120,00 денари.

Јавното надавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: (www.e-aukcii.finance.gov.mk).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44- 6185/1
22 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**2150.**

Врз основа на член 85 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ПРАВО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОПШТИНА КОЧАНИ**

Член 1

Со оваа одлука на општина Кочани се дава право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, на ГП бр. 1.1, кое претставува: дел од КП.бр. 4738/6, КО Кочани, со површина од 18078 м2, градежно неизградено земјиште, дел од КП.бр. 4766/5, КО Кочани, со површина од 3628 м2, градежно неизградено земјиште, КП.бр. 4766/6, КО Кочани, со површина од 229 м2, градежно неизградено земјиште, КП.бр. 4766/7, КО Кочани, со површина од 3082 м2, градежно неизградено земјиште, запишани во Имотен лист бр.1 односно со вкупна површина од 25017м2 согласно Извод од Локална урбанистичка планска документација со намена А3-групно домување на незгрижени лица на дел од КП 4738/6, 4766/5, 4766/6 и 4766/7, бр. 22-30/148 од 21.05.2020 година, одобрена со Решение на Општина Кочани бр.22-253/22 од 05.05.2020 година, за изградба на објект со намена А3-групно домување на незгрижени лица.

Член 2

Правото на трајно користење на градежното земјиште од член 1 на оваа одлука се дава без надоместок.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44- 6187/1 | Претседател на Владата |
| 22 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**2151.**

Врз основа на член 13 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ**

Член 1

Со оваа одлука на Општина Кочани се пренесуваат во сопственост недвижни ствари – објекти сопственост на Република Северна Македонија, без надоместок, кои се наоѓаат на ул.„Едвард Кардељ“ бр.1, на КП.бр.11594 запишани во Имотен лист бр.15482 за КО Кочани и тоа:

- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат К1, број на посебен дел од зграда, намена на посебен дел од зграда П, со внатрешна површина од 368м²,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда, намена на посебен дел од зграда П, со внатрешна површина од 346м²,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-10, влез 2, кат ПО, број на посебен дел од зграда, намена на посебен дел од зграда П, со внатрешна површина од 83м²,
- зграда 2, намена на зграда и друг објект, намена на зграда, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 000, намена на посебен дел од зграда, со внатрешна површина од 46м² и
- зграда 2, намена на зграда и друг објект, намена на зграда, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 001, намена на посебен дел од зграда, со внатрешна површина од 12м².

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44- 6190/1 | Претседател на Владата |
| 22 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**2152.**

Врз основа на член 43 став (14) од Законот за минерални суровини (“Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ДИЈАМАНТЕ 2019 ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ ВИНИЦА НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ТОПЛИКОТ“, ОПШТИНА ВИНИЦА**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги ДИЈАМАНТЕ 2019 ДООЕЛ увоз-извоз Виница се доделува концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот “Топликот“, оп-

штина Виница, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелата и тоа:

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| Т-1 | 7623567 | 4641912 |
| Т-2 | 7623617 | 4641887 |
| Т-3 | 7623593 | 4641839 |
| Т-4 | 7623583 | 4641818 |
| Т-5 | 7623599 | 4641809 |
| Т-6 | 7623630 | 4641791 |
| Т-7 | 7623623 | 4641781 |
| Т-8 | 7623619 | 4641773 |
| Т-9 | 7623674 | 4641743 |
| Т-10 | 7623622 | 4641693 |
| Т-11 | 7623608 | 4641677 |
| Т-12 | 7623562 | 4641691 |
| Т-13 | 7623559 | 4641710 |
| Т-14 | 7623555 | 4641748 |
| Т-15 | 7623548 | 4641806 |
| Т-16 | 7623554 | 4641829 |
| Т-17 | 7623547 | 4641835 |
| Т-18 | 7623566 | 4641858 |
| Т-19 | 7623540 | 4641886 |
| Т-20 | 7623539 | 4641910 |
| Т-21 | 7623560 | 4641895 |
| Т-22 | 7623566 | 4641909 |

2. Површината на просторот на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука изнесува Р= 0.014897 km2.

3. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 10 (десет) години.

4. Висината на надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука се определува со Договорот за концесија во согласност со Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

5. Начинот и роковите на плаќање на надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определат со Договорот за концесија.

6. Како почеток на важење на концесијата од точка 1 на оваа одлука се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

7. Во име на Владата на Република Северна Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-6199/1
22 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**2153.**

Врз основа на член 23 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО СТРУГА**

Член 1

Да се изврши продажба на недвижни ствари во Струга, сопственост на Република Северна Македонија – корисник Министерство за финансии, кои се наоѓаат на КП.бр.2092, запишани во Имотен лист бр.10462 за КО Струга и тоа:

-зграда 1, намена на зграда помошни простории, влез 1, кат 01, број 0, со површина од 9 м2,

-зграда 1, намена на зграда стан во семејна зграда, влез 1, кат 01, број 2, со површина од 51 м2,

-зграда 1, намена на зграда стан во семејна зграда, влез 1, кат ПР, број 1, со површина од 52 м2 и

-зграда 1, намена на зграда помошни простории, влез 1, кат СУ, број 0, со површина од 67 м2.

Член 2

Продажбата на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронски систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи, со проценета вредност утврдена согласно Ре-Процената од Бирото за судски вештачења број CB/EL 5 186/18 од 19.07.2019 година, во која е проценета вкупната вредност на недвижните ствари во износ од 3.305.859,00 денари.

Почетната цена за електронското јавно наддавање претставува вкупната проценета вредност на недвижните ствари и истата изнесува 3.305.859,00 денари.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-6204/1
22 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2154.**

Врз основа на член 18-а, став 1 од Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/01, 49/03, 109/05, 88/08, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 и 83/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФАТА НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Тарифата на Централен регистар на Република Северна Македонија бр. 0201-3/24 од 22.6.2020 година, донесена од Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22.6.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-6211/1
22 јуни 2020 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**2155.**

Врз основа на член 18 став (1) точка в) и став (2) и член 19 од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), Министерството за правда донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВРШЕЊЕ НА НОТАРСКАТА СЛУЖБА**

1. На нотарот Весна Стојчева од Скопје и престанува вршењето на нотарската служба по нејзино барање.

2. Решението влегува во сила на ден 4.8.2020 година.

О б р а з л о ж е н и е

Со Решение бр. 04-3536/1 од 27.7.1999 година на министерот за правда, Весна Стојчева од Скопје е именувана за нотар на подрачјето на Основните судови на Градот Скопје.

Нотарот Весна Стојчева од Скопје до Министерството за правда достави барање за престанок на вршење на нотарската служба заведено под бр. 09-1625/1 од 9.6.2020 година, со кое бара да и престане вршењето на нотарската служба со 4.8.2020 година, поради исполнување на услови за старосна пензија, согласно со Законот за работните односи.

Според член 18 став (1) точка в) од Законот за нотаријатот, службата на нотарот престанува по негово барање, со истекот на рокот определен во барањето за престанок на службата. Според член 19 став (1) од Законот за нотаријатот, нотарот може во секое време да побара да му престане службата. Нотарот барањето го поднесува писмено до Министерството. Во барањето треба да биде определен рокот престанок за вршење на службата.

Нотарот во барањето како рок за престанок на вршење на службата го определи датумот 4.8.2020 година.

Министерството за правда постапувајќи по поднесеното барање за престанување на вршење на службата на нотарот, имајќи во предвид одредбите од член 18 став (1) точка (в) и став (2) и член 19 од Законот за нотаријатот, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да поведе Управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението пред надлежниот суд.

Бр. 09-1625/2
15 јуни 2020 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**2156.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за математичко-информатичка гимназија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/18), министерот за образование и наука донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ НА ПРИЕМНИОТ ИСПИТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО МАТЕМАТИЧКО-ИНФОРМАТИЧКАТА ГИМНАЗИЈА, БОДИРАЊЕТО НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРИЕМНИОТ ИСПИТ, КАКО И МИНИМУМОТ БОДОВИ ЗА ПОЛОЖЕН ПРИЕМЕН ИСПИТ**

Член 1

Во Правилникот за начинот на проверка на знаењата на учениците на приемниот испит за запишување во математичко-информатичката гимназија, бодирањето на резултатите од приемниот испит, како и минимумот бодови за положен приемен испит(„Службенвесник на Република Северна Македонија“бр.54/19), по членот 9 се додава нов член 9-а, кој гласи:

„Член 9-а

За запишување во учебната 2020/2021 година,минималниот број бодови за проодност на приемниот испит за кандидатот/кандидатката да добие потврда дека поседува знаења за запишување во Математичко-информатичката гимназија е 60 бода од двата теста по математика и физика заедно, а притоа на секој од двата теста да има најмалку 30 бода.“

Член2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-5908/1
18 јуни 2020 година
Скопје

Министер,
д-р **Арбер Адеми**, с.р.

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2157.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 27 и 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2019), на седницата одржана на 27 мај 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, број 44-2832/1 од 3 април 2020 година, („Службен весник на Република Северна Македонија” број 90/2020).

2. СЕ ЗАПИРА извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на актот означен во точката 1 од ова решение.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

4. Светскиот македонски конгрес до Уставниот суд на Република Северна Македонија поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од ова решение.

Според наводите во иницијативата поднесена од Светскиот македонски конгрес од Скопје, оспорената уредба не била во согласност со член 8 став 1 алинеи 3, 4 и 11, членот 51, член 68 став 1 алинеи 1 и 2 и Амандманот XXIX, член 125 ставови 2 и 3 и член 126 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Најнапред, во иницијативата се цитирани сите наведени одредби од Уставот за да потоа подносителот на иницијативата наведе одредени причини, односно дека овластувањата на Владата да донесува уредби со законска сила трае до завршувањето на вонредната состојба. И покрај фактот што парламентот бил распуштен, подносителот на иницијативата смета дека во смисла на член 63 став 4 од Уставот мандатот на пратениците во Собранието се продолжува во случај на вонредна состојба. Имено, со распуштање на Собранието не престанувал мандатот на пратениците, освен во случаите утврдени со Уставот – член 65 став 3. Според член 66 став 1 од Уставот, Собранието е во постојано заседание дури и кога е распуштено ако има потреба треба да се свика и да заседава.

Според наводите во иницијативата сите уредби кои ги донела Владата биле типизирани номотехнички и Република Северна Македонија била речиси единствена земја во Европа и во светот без законодавен дом за време на вонредната состојба поради пандемијата со коронавирусот, без надзор и контрола врз работата на Владата што било системска деформација. Исто така, во иницијативата се наведува дека сите донесени уредби со законска сила претставувале изменување и дополнување на законите коешто било надлежност без постоење на закон за вонредна состојба и без одлука на Собранието утврдена во член 126 став 2 од Уставот. Во иницијативата се бара да бидат поништени сите донесени уредби со законска сила поради штетните последици по владеењето на правото, суспензија на внатрешниот правен поредок на државата и флагрантно кршење на правата и слободите на граѓаните.

Поради вонредната состојба парламентарните избори не се одржаа на 12 април 2020 година, односно се одложија, поради што Собранието било надлежно да одржи седница и со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници требало да донесе Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба со важност од најмногу 30 дена.

Во член 125 став 4 од Уставот се предвидени условите кога претседателот на Републиката донесува одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба. Уредбите на Владата со законска сила донесени за време на вонредна состојба важат сè додека трае вонредната состојба и истите немаат важност по завршувањето на вонредната состојба.

Според подносителот на иницијативата сите донесени уредби со законска сила од страна на Владата за време на вонредната состојба поради пандемијата со коронавирусот, претставувале изменување и дополнување на законите што е надлежност на Собранието. Владата без закон за вонредна состојба и Закон за заштита од заразни болести и без Одлука на Собранието нема овластување да донесува уредби со законска сила со важност за времетраењето на вонредната состојба.

Поради наведените причини се предлага оспорената уредба да се доведе под сомнение по однос на одредбите од Уставот наведени погоре во иницијативата како и да се донесе времена мерка во смисла на членот 27 од Деловникот на Уставниот суд.

5. Судот на седницата утврди дека оспорениот акт е со следната содржина:

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За поднесување на пријави во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за реемитување на програмски сервиси на странски радиодифузери кои операторите планираат да ги реемитуваат на својот програмски сервис за територијата на Република Северна Македонија определени со член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Операторите ги доставуваат пријавите во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за реемитување на програмски сервиси на странски радиодифузери кои операторите планираат да ги реемитуваат на својот програмски сервис за територијата на Република Северна Македонија согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/ 19).

Подзаконските акти донесени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18), продолжуваат да се применуваат се до донесувањето на соодветните подзаконски акти определени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20).

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2832/1 | Претседател на Владата |
| 3 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

5. Според член 8 став 1 алинеи 1, 4 и 11 од Уставот, владеењето на правото, поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право се темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно членот 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законите.

Според член 68 став 1 алинеи 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието донесува закони и дава автентично толкување на законите и ги утврдува јавните давачки.

Според членот 125 од Уставот, вонредна состојба настанува кога ќе настанат големи природни непогоди или епидемии.

Постоењето на вонредна состојба на територијата на Република Македонија или нејзин дел го утврдува Собранието по предлог на претседателот на Републиката, Владата или најмалку 30 пратеници.

Одлуката со која се утврдува постоењето на вонредна состојба се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и има важност најмногу 30 дена.

Ако Собранието не може да се состане одлука за постоење на вонредна состојба донесува претседателот на Републиката и му ја поднесува на Собранието штом тоа ќе е во можност да се состане.

Во членот 126 од Уставот е предвидено дека при постоење на воена или вонредна состојба Владата во согласност со Уставот и со законот донесува уредби со законска сила.

Овластувањето на Владата да донесува уредби со законска сила трае до завршување на воената или вонредната состојба за што одлучува Собранието.

Со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се предвидува дека со овој закон се уредуваат правата, обврските и од-говорноста на радиодифузерите, давателите на аудио-визуелните медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи коишто ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите.

Меѓународната и регионалната правна рамка со која се уредуваат прашањата поврзани со вонредна состојба се содржани во членот 4 и членот 15 на Европската конвенција за човекови права. Во овие меѓународни инструменти утврдени се општо прифатени начела релевантни за вонредна состојба, коишто државите треба да ги почитуваат; привременост: ова се однесува на вонредната природа на прогласувањето вонредна состојба; исклучителна закана: кризата мора да претставува стварна, моментална или најмалку непосредна опасност за заедницата; објавување: вонредната состојба мора официјално да се прогласи и јавно да се соопшти; неопходно е да ги информира граѓаните за законската состојба и ја намалува можноста од de facto вонредна состојба, т.е. ситуација поради која државата ги ограничува човековите права без официјално да прогласи вонредна состојба; соопштение: другите држави и соодветните тела коишто го набљудуваат меѓународниот договор мора да се известат за преземените мерки; на пример, доколку државата сака да ги дерогира своите обврски според ЕКЧП или МПГПП тогаш таа мора да го информира генералниот секретар на Советот на Европа или генералниот секретар на ОН за своето дерогирање, мерките што ги презела и причините за тоа, како и за престанокот на дерогирањето; пропорционалност: мерките преземени да се спречи кризата мора да се пропорционални на тежината на ситуацијата на опасност. Ова се однесува на областа на применувањето, нивната материјална содржина и нивното времетраење; законитост: човековите права и основните слободи за време на вонредна состојба мора да ги почитуваат ограничувањата пропишани во соодветните инструменти на меѓународното и националното право; вонредна состојба не значи привремено укинување на владеењето на правото, ниту пак ги овластува оние кои се на власт да не го почитуваат начелото на законитост, на кое се обврзани во секое време; права коишто не можат да бидат ограничени: ова се однесува на основните права за кои нема дерогирање дури и за време на вонредна состојба.

Оттука, со уредба со законска сила, при постоење на вонредна состојба, Владата може поинаку да регулира одредени прашања коишто се уредени со важечки закони, може да одредува нови рокови, може да ги менува постојните и да носи нови решенија. Но, ваквите овластувања не се неограничени. Имено, Уставот има две уставни ограничувања на овластувањето на Влада-

та да носи уредби со законска сила. Првото е, уредбите да уредуваат неопходни мерки коишто се во функционална врска со директно или индиректно соочување и надминување на причините и последиците од вонредната состојба, со водење сметка мерките да имаат легитимна цел, општествена оправданост, да бидат разумни и пропорционални во светло на што побрзо враќање во редовна состојба (со што во суштина ќе бидат задоволени членовите 125 и 126 од Уставот). Второто ограничување е уредено во членот 54 од Уставот, чие задоволување бара ограничувањето на слободите и правата во вонредна состојба да не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Во вонредна состојба не може да се ограничат правото на живот, забраната на мачење, нечовечко и понижувачко постапување и казнување, правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата и вероисповеста.

Во суштина вонредната состојба претставува состојба во која поради настанување на големи природни непогоди или епидемии, со цел справување со причините и/или последиците, се нарушува воспоставениот ред и во такви околности мерките коишто се преземаат од владите во вонредна состојба мора да бидат пропорционални, дизајнирани и насочени кон справување со причинителот на состојбата и последиците од истата, да презема мерки коишто се во суштинска врска со причинителот и последиците, со времен карактер и лимитиран интензитет, при што има уставни овластувања за ограничување на човековите права за таа цел (освен оние кои не можат да бидат ограничени ни во вонредна состојба), се со цел, (брзо, во временска смисла) да го повратат уставниот поредок со кој човековите права повторно ќе можат целосно да бидат обезбедени. Вонредната состојба е уставна материја, и во време на вонредна состојба Владата мора да ги почитува темелните вредности на уставниот поредок особено владеењето на правото.

Согласно членот 10 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) за време на воена или вонредна состојба, ако не постои можност за свикување на Собранието, Владата донесува уредби со законска сила по прашањата од надлежност на Собранието.

Според член 35 став 1 од Законот за Владата, за извршување на законите Владата донесува уредби со законска сила, уредби, одлуки, упатства, програми, решенија и заклучоци.

Согласно член 36 став 1 од истиот закон се предвидува дека со уредба со законска сила Владата уредува прашања од надлежност на Собранието во случај на воена или вонредна состојба ако не постои можност за свикување на Собранието.

Уредбите со законска сила се правни прописи акти што ги носи орган којшто во поделбата на власта припаѓа на извршната власт (Влада), а правниот основ за нивното донесување го пропишува Уставот единствено во ситуација на прогласена вонредна состојба. Нивната суштина, нивниот материјален карактер, се сведува на неопходноста во услови на вонредна состојба да се овозможи функционирање на уставно-правниот поредок, од една страна, и ефикасно, флексибилно, пропорционално, разумно и добро балансирано Владата да уредува и нормира мерки со кои ќе се отстранат причините коишто довеле до прогласување на вонредната состојба но и последиците од истата. Сето ова има времен карактер, како што е овластувањето на Владата за носење уредби со законска сила кое се ограничува со времетраењето на вонредната состојба и истите подлежат на уставно-судска контрола и во времетраење на вонредната состојба.

Имајќи го во предвид наведеното, Судот оцени дека е надлежен да ја цени уставноста на Уредбата со законска сила од аспект на членот 126 (дали пропорционално и разумно уредува и нормира мерки со кои непосредно или посредно ќе се отстранат причините коишто довеле до прогласување на вонредната состојба како и последиците од истата, или го повредува членот 126 во неговата суштина), од аспект на членот 54 (дали има дискриминација по наведените основи) дали се повредува право кое не може да биде дерогирано ни во вонредна ни во воена состојба и меѓународно признатите права коишто не можат да бидат дерогирани.

Меѓутоа, според наоѓањето на Судот, со донесувањето на оспорената уредба Владата на Република Северна Македонија ги пречекорила, односно ги надминала своите со Устав предвидени овластувања. Имено, донесувањето на оспорената уредба со законска сила, според Судот не претставува мерка којашто има посреден ефект во справувањето со последиците од епидемијата и Владата согласно овластувањата предвидени во членовите 125 и 126 од Уставот треба да донесува уредби со законска сила само и исклучиво со цел справување со причинителот и последиците од вонредната состојба предизвикана од присуството на коронавирусот - COVID-19, а не и уредби со кои се уредуваат медиумските услуги коишто сега ги уредува Владата со оспорената одредба и коишто според Судот немаат допирни точки со вонредната состојба.

Од овие причини, Судот оцени дека Владата на Република Северна Македонија излегува надвор од овластувањето коешто согласно Уставот го има Владата во вонредна состојба согласно членовите 125 и 126 од Уставот и мерката којашто е уредена со предметната уредба нема легитимна цел, ниту општествена оправданост, истата е непропорционална во светло на целта која се сака да се постигне, односно во справувањето со кризата предизвикана од коронавирусот COVID-19.

Од напред наведената уставно-судска анализа, Судот оцени дека основано може да се доведе под сомнение согласноста на оспорената уредба со одредбите од Уставот по однос на член 8 став 1 алинеи 1, 4 и 11, членот 51, член 68 ставови 1 и 2, членот 125 и членот 126 од Уставот.

6. Според Судот, тргнувајќи од наведените аргументи, во конкретниов случај има основ за примена на членот 27 од Деловникот на Уставниот суд на Републи-

ка Северна Македонија за донесување на решение за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на оспорената уредба, бидејќи со нејзиното извршување би можеле да настанат тешко отстранливи последици.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од ова решение.

8. Ова решение Судот, со мнозинство гласови, го донесе во состав од претседателот на Судот, Сали Мурати и судиите: Насер Ајдари, Елена Гошева, Никола Ивановски, Јован Јосифовски, д-р Осман Кадриу, д-р Дарко Костадиновски, Вангелина Маркудова и Владимир Стојаноски.

| | |
|---|---|
| У.бр.126/2020 | Претседател |
| 27 мај 2020 година | на Уставниот суд на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | **Сали Мурати,** с.р. |

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**2158.**

Врз основа на членовите 202 и 222 а во врска со член 145 став (2) и член 146 став (2) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019 и 31/2020) и член 2 од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за вршење на осигурително брокерски работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2017 и 37/2019), одлучувајќи по барањето на Акционерското друштво за производство, трговија и услуги СОВРЕМЕН ДОМ Прилеп и лицето Горан Стојанов од Скопје, за добивање дозвола за вршење осигурително брокерски работи на Осигурително брокерското друштво ОМАДА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 10.6.2020 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИ РАБОТИ

1. СЕ ИЗДАВА ДОЗВОЛА за вршење на осигурително брокерски работи на Осигурително брокерското друштво ОМАДА ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, со седиште ул. Комплекс Газела 852 бр.62, Скопје, при што како основачи се јавуваат:

- Акционерското друштво за производство, трговија и услуги СОВРЕМЕН ДОМ Прилеп со седиште на ул. Александар Македонски 1г/13, Прилеп; и
- лицето Горан Стојанов, со живеалиште на ул. 553 бр.6-14, Скопје.

2. Осигурителното брокерско друштво од точка 1 на ова решение ќе врши исклучиво осигурително брокерски работи.

3. Осигурителното брокерско друштво од точка 1 на ова решение е должно да склучи договор за осигурување од професионална одговорност со кој ќе ги осигура своите обврски кон сопствениците на полиси во случај на прекршување на одредбите од договорот за посредување до еден осигурен износ, кој во однос на поединечен случај не смее да биде помал од 250.000 ЕВРА (двесте и педесет илјади евра) и/или во врска со сите осигурени случаи во една година не смее да биде помал од 500.000 ЕВРА (петстотини илјади евра), веднаш по уписот во Централниот Регистар на Република Северна Македонија, за што е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 (пет) работни дена од денот на склучување на договорот за осигурување.

4. Осигурителното брокерско друштво од точка 1 од ова решение, за вршење на осигурително брокерски работи е должно да вработи најмалку двајца осигурителни брокери, веднаш по уписот во Централниот Регистар на Република Северна Македонија, за што е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 (пет) работни дена од денот на пријавување на работниците во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

5. Уписот во Централниот Регистар на Република Северна Македонија на осигурителното брокерско друштво од точка 1 на ова решение да се изврши по приложен доказ за уплатени парични средства во износ од 50.000 ЕВРА (педесет илјади евра) во денарска противвредност на име на основачки капитал на друштвото на сметка кај носител на платен промет во Република Северна Македонија.

6. Осигурителното брокерско друштво од точка 1 на ова решение е должно до Агенцијата за супервизија на осигурување да достави потпишана и заверена копија од Статутот и останатите акти на осигурителното брокерско друштво како и документацијата врз основа на која може да се констатира дека осигурителното брокерско друштво е кадровски, технички и организационо оспособено за вршење на работите предвидени со Статутот на друштвото во рок од 5 (пет) дена од денот на усвојување на истите.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и истото ќе се запише во регистарот на осигурително брокерски друштва што го води Агенцијата за супервизија на осигурување.

8. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Решено во Скопје на 10.6.2020 година под бр.УП 18-1-465.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-392/1 | Совет на експерти |
| 18 јуни 2020 година | Претседател, |
| Скопје | **Крсте Шајноски,** с.р. |

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.

ISSN 0354-1622
2020169